ЦЕНТАР ЗА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ
Бул. 8ми септември бр. 4-3/10, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел: +389 2 5208 330
Е-маил: ckp.skopje@gmail.com
www.ckp.org.mk

# Политика за спречување на корупција, судир на интереси и интегритет

## 1 Цел и намена

Центарот за климатски промени (ЦКП) е целосно посветен на одржување на највисоките стандарди на етика, интегритет, транспарентност и отчетност. ЦКП воспоставува ефикасен систем за пријавување и спречување на корупцијата со кој се гарантираат интегритетот, угледот и професионалната работа на организацијата пред своите членови, вработени, како и пред надворешните партнери, заедницата и донаторите.

## 2 Опсег на примена

Оваа политика се применува за сите членови на Органите на управување (Собрание, Управен одбор), раководството, вработените, ангажираните експерти, консултанти, волонтери, како и за сите партнерски организации и добавувачи кои учествуваат во реализацијата на проектите на ЦКП.

## 3 Основни принципи и судир на интереси

- **Нулта толеранција за корупција:** Строго се забранува какво било побарување, нудење, давање или примање мито, како и ненаменско користење на проектните средства.
- **Управување со судир на интереси:** Секое лице ангажирано во ЦКП е должно веднаш да го пријави секој потенцијален или реален судир на интереси пред донесувањето на каква било одлука (набавки, вработување, избор на експерти). Лицето во судир на интереси задолжително се изузема од процесот на одлучување.

# 4 Транспарентност и отчетност

Транспарентноста е еден од основните механизми за спречување на корупцијата во ЦКП. Организацијата се обврзува на:

**Јавност во работењето:** Редовно објавување на годишните финансиски и наративни извештаи на својата веб-страница.

**Отворени набавки:** Сите процедури за набавки на стоки, услуги и ангажирање експерти се спроведуваат транспарентно, по пат на фер конкуренција и јасно дефинирани критериуми за евалуација.

**Информирање на донаторите:** Донаторите чии средства евентуално би биле засегнати од сомнеж за корупција или злоупотреба, ќе бидат благовремено известени за поднесената пријава, како и за резултатите од спроведената постапка.

# 5 Орган: Комисија против корупција

За спроведување на оваа политика и постапување по сите пријави, ЦКП формира посебно тело — **Комисија против корупција** (во натамошниот текст: Комисијата).

## 5.1 Состав и ограничувања за членство

Комисијата против корупција се состои од **3 (три) члена** и тоа:

1. Еден член од редот на вработените;
2. Еден член од редот на членовите на Управниот одбор;
3. Еден член од редот на членовите на Собранието на ЦКП (со право на глас согласно Статутот).

**Неспоиливост на функции (Ограничувања):** Претседателот на Управниот одбор и Извршниот директор **не можат** да бидат членови на Комисијата.

## 5.2 Постапка за избор и мандат

1. **Јавен повик и номинација:** Управниот одбор (УО) објавува внатрешен јавен повик за членови на Комисијата од редот на вработените и Собранието. Доколку не постои интерес, УО дава свој предлог-кандидати. УО самостојно, со мнозинство гласови, го номинира својот член во Комисијата.
2. **Избор и потврда од Собранието:**
    - Доколку има повеќе пријавени кандидати, Собранието врши избор со мнозинство гласови од членовите со право на глас (на редовна/вонредна седница или по електронски пат).
    - Доколку има по еден кандидат или кандидатите се предложени од УО, Собранието го потврдува нивниот избор.
    - Доколку Собранието не го потврди изборот на некој од кандидатите, УО ја повторува постапката само за членот кој не бил потврден.
3. **Мандат:** Мандатот на членовите на Комисијата трае **2 (две) години**, со можност за повторен избор, но најмногу до 3 (три) последователни мандати.

## 5.3 Пристап, судир на интереси и раководење со Комисијата

- Сите членови на Комисијата имаат заштитен пристап до посебната е-адреса за пријавување.
- **Изземање од работата:** Доколку пријавата се однесува на член на Комисијата, лице чиј директен супервизор е членот, или членот е на било кој начин во судир на интереси со случајот, тој задолжително се иззема. Во таков случај, Претседателот на УО номинира заменски член за конкретниот предмет.
- **Правила за раководење со Комисијата (по предмети):**
    - Доколку пријавата ги засега вработените или партнерските организации, со Комисијата раководи членот од Управниот одбор.

ЦЕНТАР ЗА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ
Бул. 8ми септември бр. 4-3/10, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел: +389 2 5208 330
Е-маил: ckp.skopje@gmail.com
www.ckp.org.mk

- Доколку пријавата ги засега членовите на организацијата/органите, со Комисијата раководи членот од редот на вработените.
- Доколку пријавата истовремено ги засега и членовите и вработените, Комисијата има овластување да оформи ад-хок комисија составена од **надворешни независни членови/експерти**.

# 6 Постапка за пријавување и постапување

## 6.1 Начин на пријавување

Секој волонтер, вработен, член на управните органи на ЦКП или претставник на партнерска организација кој ќе открие или сомнева во коруптивни дејствија, има обврска случајот да го пријави преку пополнување на **Образецот за пријава** (Анекс 2).

- Пријавата се испраќа на официјалната е-адреса: integrity.ckp@gmail.com или во затворен плик до Комисијата.
- **Анонимни пријави:** Анонимните пријави се прифаќаат, соодветно се разгледуваат и се процесираат доколку содржат доволно конкретни информации за проверка.
- **Доверливост:** Пријавата се третира како строго доверлива, како во однос на пријавувачот, така и во однос на лицата/организациите опфатени со сомнежот.

## 6.2 Дејствија на Комисијата и утврдување на фактичка состојба

Комисијата има за цел да ја утврди фактичката состојба, постоењето на намера за стекнување лична корист, поткуп или друг вид неоснована корист на штета на ЦКП. Во рамки на истрагата, Комисијата има овластување да:

- Врши разговор/интервјуа со вклучените лица и сведоци;
- Врши увид во службената електронска пошта, проектната и финансиската документација;
- Анализира сите јавно достапни и релевантни податоци.

## 6.3 Рокови и одлучување

- Комисијата е должна да донесе конечна одлука во рок **не пократок од 20 дена, а најдоцна до 45 дена** од денот на приемот на пријавата.
- По завршување на постапката, Комисијата носи одлука со која пријавата се усвојува или се отфрла како неоснована.

## 6.4 Санкции и заштита од злоупотреба

- **Мерки и санкции:** Доколку се утврдат коруптивни дејствија, Комисијата изрекува соодветни мерки согласно внатрешните акти и Законот за работните односи: писмена опомена, дисциплински мерки (намалување на плата, прераспределба) или отказ од работа / раскинување на договорот.
- **Надомест на штета и кривичен прогон:** Комисијата може да побара надомест на настанатата материјална штета. Во зависност од сериозноста на делото и заштитата на угледот на ЦКП, Комисијата донесува одлука за **поднесување пријава до надлежните органи за кривичен прогон (МВР / Обвинителство)**.
- **Заштита од лажни пријави:** Доколку се утврди дека пријавата е содржана од свесно невистинити информации со цел да се наруши угледот на одредено лице, против пријавувачот ќе се поведе соодветна дисциплинска и правна постапка за утврдување на одговорност.

## 6.5 Пријавување до Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК)

Доколку пријавувачот смета дека внатрешната постапка во ЦКП не била објективно спроведена, не обезбедува соодветна заштита или се работи за сериозни форми на корупција, пријавата може да се поднесе директно до **Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК)**:

- Преку официјалниот интернет-портал за пријавување на ДКСК;
- По пошта или лично до архивата на ДКСК.

ЦКП и Комисијата против корупција се обврзуваат на целосна соработка со ДКСК и сите надлежни државни органи.

ЦЕНТАР ЗА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ
Бул. 8ми септември бр. 4-3/10, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел: +389 2 5208 330
Е-маил: ckp.skopje@gmail.com
www.ckp.org.mk

# АНЕКС 1: Изјава за судир на интереси

**ИЗЈАВА ЗА СУДИР НА ИНТЕРЕСИ И ИНТЕГРИТЕТ**

Јас, долупотпишаниот/а ____________________________________________, во својство на [вработен / член на Управен одбор / член на Собрание / надворешен експерт] во Центарот за климатски промени (ЦКП), под морална, материјална и кривична одговорност ја давам следнава изјава:

1. Изјавувам дека ги прочитав, ги разбрав и во целост ги прифаќам принципите дефинирани во *Политиката за спречување на корупција, судир на интереси и интегритет* на ЦКП.
2. Изјавувам дека во овој момент **не се наоѓам во судир на интереси** (приватен, финансиски, роднински или друг личен интерес) кој би можел да влијае врз мојата објективност, непристрасност и професионалност во извршувањето на задачите.
3. Се обврзувам дека веднаш писмено ќе го известам раководството и Комисијата против корупција за секој потенцијален или реален судир на интереси што би можел да настане.
4. Свесен/а сум дека давањето лажни податоци или непријавувањето на судирот на интереси претставува сериозна повреда на работните и договорните обврски.

Во _______________**, дата:**

**Изјавил:**

Потпис: _____________________

Име и презиме: ________________

# АНЕКС 2: Образец за пријава на корупција и неправилности

**ОБРАЗЕЦ ЗА ПРИЈАВА НА КОРУПЦИЈА, ИЗМАМА ИЛИ СУДИР НА ИНТЕРЕСИ**

*(Забелешка: Пополнувањето на личните податоци е доброволно. Анонимните пријави исто така ќе бидат разгледани.)*

**1. Податоци за пријавувачот (Опционално)**

- **Име и презиме:** ________________________________
- **Контакт телефон / Е-пошта:** ________________________________
- **Однос со ЦКП (вработен, член, соработник, граѓанин, добавувач):** __________________

**2. Податоци за пријавата**

- **Датум и место на настанот (или временски период):** __________________
- **Лице/а или организација на кои се однесува пријавата:**
- **Детален опис на неправилноста / коруптивното дејдание:** *(Опишете ги фактичките сомнежи, дејствијата и евентуалната стекната лична корист)*

**3. Докази и дополнителни информации**

- **Дали поседувате докази (документи, е-пошта, фотографии)?**

  [ ] Да [ ] Не

*(Ако да, ве молиме приложете ги кон овој образец)*

- **Дали има други лица кои имаат сознанија за овој настан?**

**4. Претходно пријавување**

- **Дали го имате пријавено овој случај до друг орган (на пр. ДКСК, Полиција)?**

ЦЕНТАР ЗА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ
Бул. 8ми септември бр. 4-3/10, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел: +389 2 5208 330
Е-маил: ckp.skopje@gmail.com
www.ckp.org.mk

[ ] Да [ ] Не

*(Ако да, наведете кога и до кој орган)*: ________________________________

**Датум на поднесување:** ___________ година.

**Потпис (доколку не е анонимно):** __________________